**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA**

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 ~~43 32 43~~ 4872655, ☎/FAX +385 1 ~~42 75 66~~ 4872655
Žiro račun 30102 - 678 - 82341

Загреб, 18.06.2001. г.

# ЗАПИСНИК

од 8-та седница на Управниот одбор на Заедницата одржана на 16.06.2001. год. со почеток во 11,00 часот во просториите на Заедницата во Загреб, Масарикова 16/1.
Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Благоја Јовановски, Јован Карпузовски, Весна Илиева и Кирило Стојановски.
Одсутен: Никола Илиевски- боловање.
Гости: Сервет Авзиу - амбасадор, Владимир Крстевски - совететник, проф. др. Борислав Павловски, Горан Стојковски, Јулијана Коениг, дипл. прав., Ксенија Јуранова -Лазарева, Љупчо Таневски, Вукашин Јовески, Марко Паризоски.
Записничарка: Анка Рабузин.

Со седницата председаваше Претседателот на УО - Илија Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки се предложи и прифати следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одбележување на 140-тата годишнина од излегувањето на ЗБОРНИКОТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ и ЧЕТВРТИТЕ ДЕНОВИ НА БРАЌАТА ИЛАДИНОВЦИ
2. Измени и дополнувања на Статутот на Зедницата
3. Договор за одбележување на 10-годишнината на Заедницата и за редовното годишно собрание на Заедницата
4. Извештај на претседателот и потпретседателот на Заедницата за предстојот во Р. Македонија
5. Разно.

Ад.1 Проф. др. Борислав Павловски ги информира присутните со завршните работи околу излегувањето на книгата на Константин Миладинов: "Да видам Охрид, Струга да видам " ( " Da vidim Ohrid, Strugu da gledam") која ќе биде претставена во Загреб и во Ѓаково и дека исто така ќе биде претставена и книгата на Горан Калоѓера: " Braća Miladinov- legenda i zbilja". Понатаму, извести за гостите и учесниците кои ќе бидат присутни на прославата , за оние за кои треба да се осигура ноќевање, за

трошоците за излегувањето на книгата и предложи да се овозможи продажба на истата ( во Р. Македонија и во Р. Хрватска).

За останатите поединости од програмата на прославата на деновите на Браќата Миладиновци (прилог) присутните ги информира г-динот Благоја Јовановски кој воедно побара програмата да се испрати на сите што ќе бидат поканети и до средствата за информирање, а извести и за три врсти на сувенири кои се припремаат за оваа прослава и за уметничката слика- Миладиновци како поклон на Бискупот Ѓаковачко-сријемски мсгр. Марин Сракиќ и нагласи дека следниот број Македонки глас кој е посветен на таа прослава ќе излезе на време за прославата.

Во дискусијата по оваа точка учество зеде и амбасадорот на Р.Македонија - господин Сервет Авзиу кој ги информира присутните дека трошоците за делегацијата од Македонија ги подмирува матичната држава, а нагласи дека во понатамошните обврски околу реализирањето на прославата колку ќе биде потребно, стои на располагање г-динот Владо Крстевски, советник во Амбасадата за кој предложи да биде во контакт со г-динот Иван Качуров.

По дискусиите донесени се следните одлуки:

1. Трошоците за издавањето на книгата од г-динот Б. Павловски ги сноси Заедницата на Македонците во РХ ( или по пат на донации).
2. Трошоците за учесниците во програмата ги сносат:
   - за гостите од РМ - Друштвото на писателите од РМ, Министерството за култура во РМ, Агенцијата за иселеништво и Министерството за надворешни работи (патни и дневни трошкови),
   - за свечениот ручек во Загреб трошковите се на терет на Заедницата,
   - за свечениот ручек во Осијек трошковите се на терет на МКД "Браќа Миладиновци" од Осијек.

Ад.2 Во дискусијата по оваа точка се вкључија сите членови на УО како и членовите на комисијата која подготви предлог на Статутот: Горан Стојковски и Јулијана Коениг и донесена е едногласна одлука: од членот 3. на предложениот Статут се брише "i druge srodne udruge" и да се направи прочистен текст на Статутот кој ќе се усвои на наредната седница на УО.

Ад.3 По оваа точка од дневниот ред после опширната расправа едногласно е заклучено одбележувањето на 10-годошнината од постоењето на Заедницата биде на **06.10. 2001 год.** во Загреб и тоа во два дела:

1- Во 11,00 часот да се одржи редовното годишно собрание на Заедницата.
2- Во 17,00 часот да се одржи свечена прослава на 10-годишнината на која ќе се доделат признанија и во која ќе настапат членовите на секциите на сите друштва.

За реализацијата на таа програма се задолжуваат сите друштва да најдоцна до 25.09.2001 ги. испратат свои програми за учеството на секциите до г-динот И. Качуров.

За идејно решение на признанијата се задолжува комисијата во состав на: Горан Стојковски, Иван Качуров и Благоја Јовановски, а секое друштво

да состави и до 08.09.2001 г. испрати попис-листа за доделување на признанија до г-динот И. Качуров.

Ад.4 Г-динот Иван Качуров ги извести присутните дека со престојот во Македонија се оствария многу контакти со представниците на повеке тела кои дадоа одредени совети и предлози во врска со прославата на 140-годишнината од Зборникот на браќата Миладиновци, и таа посета беше од голема корист.
УО едногласно донесе одлука - се одобруваат средства за предстојот на претседателот на Заедницата - Илија Христодулов во РМ.

Ад.5 Советникот од Амбасадата, Владимир Крстевски го информира УО за ситуацијата во Македонија и даде конкретни предлози доколку дојдат бегалци од Македонија да се пријават и да остварат свои права, да се организира собирање на хуманитарна помош, за што УО се согласи хитно да се испрати помош - минерална вода од Јамница за Куманово.

УО беше информиран дека секретарот на Заедницата, Никола Илиевски е на болничко лекување. Изнесени се критики на неговото однеување преме обврски во Заедницата како и дека не ги пренесува информациите од состаноците на Вијеќе на националните мањини чиј е член. Исто така се изнесени критики и за некоректното однесување према В. Јовески.

УО донесе едногласна одлука
- се разрешува г-динот Никола Илиевски од функцијата- секретар на Заедницата од 16.06.2001 год., а нова личност на таа функција ќе биде изберена на годишната скупштина на Заедницата која ќе се одржи на 06.10.2001 год.
- се разрешува г-динот Никола Илиевски од членството на Веќето на националните мањини во Р. Хрватска.

УО донесе едногласна одлука да се од Советот за соработка со ХРТ досегашниот претставник- Стојан Трајков разреши и на негово место именува Марко Паризоски.

УО донесе одлука да се верифицира потпис на само една особа поединечно за ЗАП ( И. Качуров и И. Христодулов) како би се овозможило поефикасно водење на административните работи.

Вукашин Јовески извести за својот отказ на местото-администратор, а претседателот изрази жалење за тоа и нагласи дека со него беше добра соработката и му изрази благодарност.

УО едногласно донесе одлука да на раб. место - администратор на Заедницата се поставува Анка Рабузин од 15.05.2001 година.

Седницата на УО заврши во 17,00 часот.

Записничарка:
Анка Рабизин, дипл. инж

Претседател:
Илија Христодулов, дипл. инж.

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB ЗАГРЕБ